

***Пехчево, едно од помалите градчиња во Република Македонија е распослано во Малешевијата, на двете страни на Пехчевска Река, под падините на Влаина Планина. Општината Пехчево е сместена на возвишението (превалот) помеѓу Беровската и Делчевска Котлина, на надморска височина од околу илјада метри.***

Тоа е општински центар опколен со борова шува испреплетена си бројни патеки кои водат кон Раковец, стара рударска населба и кон други планински места. Во состав на општината влегуваат и селата Чифлик, Умлена, Робово, Панчарево, Негрево и Црник.

Тоа има добра местоположба, од Берово е оддалечено 10 км, а од Делчево и од Виница по 30 км. Поради добрата местоположба во текот на втората половина на

деветнаесеттиот век почнале да се населува турско население и затоа постанал центар на турската управа. Како седиште на Малешевската каза било стратешко место, а постанало и трговски, културен и административен центар на пијанечкиот регион, затоа и го нарекувале Чучук Станбол (Мал Станбол).

Според преданијата Пехчево името го добило према некои печки за обработка на руда кои се наоѓале под падинити на планината Буковик, каде има остатоци од стар рудник за железо што се експоатирал во времето на Римјаните, Сасите и Турците. Според печките било нарекувано Печково, а потоа Турците го смениле во Пехчево. Некој, пак сметаат дека Пехчево  е далечен наследник на исчезнатиот град Малешево, по кој е именувала целата област, а се претпоставува дека се наопѓал на локацијата Градиште, или Манастириште на неколку километри од Пехчево.

Општината Пехчево  денес е еколошки чист регион со потенцијал за натамошен развој на туризмот. Тоа е град со над три илјади жители, од кои 95% се Македонци. Природните можности нудат извонредни можности за пријатен престој и за зимско-спортска рекреација, за ловен, здравствен и за друг вид туризам. Затоа со право се вели дека Пехчево е значаен рекреативен центар.

Иако мало, ова гратче има долга и богата историја. Археолошките артефакти говорат дека на овие простори постоела населба уште во римско време во која се топела железна руда која се експлоатирала од   Буковик. Според жителите, гратчето топонимот го должи токму на тие печки, односно пешчи.   Во средновековието населбата била важен стопански и административен центар.


#ПЕХЧЕВО
ФЕСТИВАЛ
НА ДУВАЧКИ
ОРКЕСТРИ
12-14 ЈУЛИ 2018
ЛОКАЦИЈА
ПЛОШТАД





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**